Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 – 13 2/18 30 -06- 2025
________ година

Постапувајќи по претставка бр. 08-754/1 од 6.12.2024 година поднесена од против Министерство за внатрешни работи, за извршена дискриминација врз основ на личен и општествен статус и пол во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус и претпоставена политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерство за внатрешни работи врз

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на личен и општествен статус и претпоставена политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерство за внатрешни работи врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-754/1 од 6.12.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и пол во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи.

Во претставката е наведено дека подносителката со Решение бр. година била распоредена во Единица за финансиски истраги, Сектор за криминалистички истраги, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Биро за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи. Оттука, наведува дека на била прераспределена од претходно наведената позиција, на позиција Отсек за прикриени човечки извори на информации Скопје, Единица за прикриени човечки извори на информации, Сектор за криминалистички истраги, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Биро за јавна безбедност, притоа наведувајќи дека ваквата смена била неизбежна поради постојаниот притисок од страна на тогашниот Началник на Сектор за криминалистички истраги при Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал на МВР, за што подносителката тврди дека било предизвикано од првото нејзино наведено унапредување. Во продолжение на ова, во претставката е наведено дека по ваквата смена, подносителката на претставката била приморана да се смири и да продолжи да работи во областа на Економскиот криминал, истакнувајќи дека притисокот врз неа продолжил од страна на сега поранешниот началник на Единица за прикриени човечки извори на информации, кој подоцна бил назначен за Началник на Сектор за криминалистички истраги при Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал на МВР, а негова промена била извршена во ноември 2024, во Стратешко планирање во МВР.

Во однос на следното прераспоредување, подносителката наведува дека на година, од последната позиција на Отсек за прикриени човечки извори на информации, била сменета во во Одделение за спорни документи,

Сектор за физички испитувања, Оддел за форензички испитувања, Биро за јавна безбедност, при МВР. Во однос на ваквата смена, подносителката истакнува дека истата ѝ создава вознемиреност, немир и страв за постојана нејзина понатамошна смена која би можела да трае со години, дополнувајќи дека не го поседува соодветното образование за наведеното работно место, имајќи предвид дека нејзиното образование е од областа на економските науки.

На крајот на претставката, истакнати се наводи дека во конкретниот случај, станува збор за дискриминаторско вознемирување согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и вознемирување и полово вознемирување согласно член 9 од Законот за работни односи.

Во прилог на претставката, подносителката ја достави следната документација:

- Решение бр [redacted] година;
- Решение бр. [redacted] година;
- Решение бр. [redacted] година;
- Решение бр. [redacted] 24 година;
- Лекарски извештај од ЈЗУ УК Кардиологија од [redacted] година;
- Лекарски извештаи од Центар за внатрешни болести „Срце“ од 2022 до 2024 година;
- Лекарски извештаи од ПЗУ [redacted] година;
- Отпустно писмо од ЈЗУ Универзитетска клиника за Кардиологија од [redacted] година;
- Лекарски извештаи од ЈЗУ [redacted] година;
- Конзилијарно мислење за продолжување на привремена спреченост за работа од [redacted] година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.1.2025 година испрати Известување бр. 08-132/1 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

Поради фактот што и по истекот на законски предвидениот рок, до Комисијата не пристигна одговор на известувањето за произнесување, на 14.2.2025 година, до Министерството за внатрешни работи беше испратена Ургенција бр. 08-132/4.

На ден 3.3.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи, заведено под арх. бр. 08-132/5.

Во одговорот на претставките целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз подносителката. Оттука, ја образложуваат фактичката состојба со тоа што подносителката засновала работен однос во МВР на работно место [redacted] за малолетничка деликвенција“ во Одделение за имотни деликти и малолетничка деликвенција Кисела Вода, Аеродром и Драчево, Единица за имотни деликти и малолетничка деликвенција при Секторот за внатрешни работи Скопје, со утврдено високо образование, н[redacted] година. Во однос на ова, наведуваат дека во моментот на вработувањето, подносителката имала завршено високо образование – Факултет за [redacted] при Универзитетот Гоце Делчево во Штип, со стекна стручен назив дипломиран [redacted] со 240 ЕКТС кредити, за кое образование наведуваат дека не било соодветно за работното место на кое подносителката го засновала работниот однос во Министерството. Дополнително во однос на првото работно место на подносителката, во произнесувањето е наведено дека согласно актот за систематизација на работни места во МВР, за работното место

а малолетничка деликвенција", потребно е високо образование – Факултет од областа на безбедноста, Правен факултет и Економски факултет. Во продолжение на ова, истакнато е дека подносителката засновала работен однос во МВР со несоодветно образование, при што на дина дипломирала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје и се стекнала со академско звање – магистер по економија и вкупно 300 ЕКТС кредити.

Оттука, во однос на наводите за преместувањето на друго работно место, од страна на Министерството одговараат дека по утврдена потреба на МВР, од страна на началникот на Оддел за форензички испитувања, со согласност од началникот на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал бил доставен предлог бр. година за распоредување на подносителката, согласно кој од страна на директорот на БЈБ било донесено решение бр. година, со кое подносителката од работно место во Отсек за прикриени човечки извори на информации Скопје при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, била распоредена на работно место „главен инспектор" во Одделението за спорни документи, Сектор за физички испитувања при Одделот за форензички испитувања, сметано од дина.

Оттука, од Министерството образложуваат дека предметното распоредување на подносителката било извршено како резултат на укажаната потреба во работењето, а со цел поефикасно, поквалитетно и навремено извршување на работните задачи од работното место на кое подносителката била распоредена, односно заради подобрување на функционирањето на Одделот за форензички испитувања, додавајќи дека во истиот нема доволно пополнетост на работните места во таа организациска единица.

На крајот на произнесувањето, Министерството за внатрешни работи наведува дека во рамките на институцијата се јавува потреба од мобилност на работниците односно нивно распоредување на други работни места, а со цел ефикасно и навремено извршување на работните задачи како во случајот на подносителката.

На 14.3.2025 година, подносителката на претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави дополнување на претставката, заведено под арх. бр. 08-132/6. Во поднесокот, беа наведени дополнителни факти и околности во однос на дејствијата за кои подносителката тврди дека биле дискриминаторски кон неа. Оттука, најпрво е наведено дека поради фактот што подносителката била вработена во периодот на претходниот министер со негово дискреционо право, смета дека неповолниот третман на кој била подложена бил поради нејзината претпоставена политичка припадност.

Во однос на нејзината претходна работна позиција, кога добила унапредување на позиција започнал притисокот од страна на началникот во единицата во која таа била распределена, за што смета дека причина е фактот што иницијативата за ваквото унапредување не била од негова страна. Во продолжение на ова, во однос на периодот кога работела во единицата за финансиски истраги, подносителката наведува дека трпела притисок од наведениот началник, со тоа што минимално ѝ било овозможувано да присуствува на обуки, ѝ било кажано дека нема да има пристап до основните потребни технички материјал за работа, како службени компјутери, телефони или возила. Поради ваквиот постојан притисок, подносителката истакнува дека била преместена на позиција во отсек за прикриени човечки извори на информации Скопје – Единица за прикриени човечки извори на информации, Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, БЈБ – од а.

Последователно на ова работно место, подносителката наведува дека со Решение од одина повторно била преместена на позиција меѓутоа во Сектор за физички испитувања, Оддел за форензички испитувања -Одделение за спорни документи. Оттука, подносителката истакнува дека не го поседува соодветното образование за конкретната работна позиција, и смета дека истото е посоодветно за работа во претходната единица за прикриени човечки извори и информации.

На крајот на дополнувањето, подносителката истакнува дека на нејзината претходна работна позиција во Единицата за прикриени човечки извори и информации било распоредено ново лице – кој бил на претходно работно место во единицата за форензички испитувања. Во однос на претходно наведеното, подносителката наведува дека во текот на нејзиното работење во единицата за прикриени човечки извори и информации присуствувала на неколку обуки за усовршување и дополнителна едукација, додека тврди дека лицето кое било преместено на нејзината претходна работна позиција како главна инспекторка не ги поседувало соодветните обуки во времето на неговото преместување. Дополнително на ова, подносителката истакнува наводи дека во разговори со останати вработени во Министерството, добила сознанија дека ваквото прераспоредување настанало поради блиски контакти на наведеното лице со еден од началниците во МВР.

На ден 17.3.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до МВР испрати барање за дополнителни информации заведено под арх. бр. 08-132/7. Во предметното барање, беа побарани дополнителни информации во однос на дополнително истакнатите наводи од страна на подносителката на претставката. Оттука, беше побарана информација за причините за преместувањето на лицето за кое подносителката наведува дека е распоредено на нејзиното претходно работно место, како и во однос на неговите квалификации, обуки и образование за вршење на работните обврски за таа работна позиција во единицата за прикриени човечки извори и информации.

Поради фактот што и по истекот на законски предвидениот рок, до Комисијата не пристигна одговор на известувањето за произнесување, на 10.4.2025 година, до Министерството за внатрешни работи беше испратена Ургенција бр. 08-132/8.

На ден 15.4.2025 година, до Комисијата беше доставен одговор на барањето за информации, заведено под арх. бр. 08-132/9.

Во предметниот одговор, од страна на Министерството наведуваат дека од страна на Бирото за јавна безбедност било донесено решение бр. одина, со кое наведениот компаратор од работно место во Одделение за спорни документи, Сектор за физички испитувања при Одделот за форензички испитувања, <u>по потреба на Министерството</u> е распореден на работно место во Отсек за прикриени човечки извори на информации Скопје, Единица за прикриени човечки извори на информации, Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа при Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, од на.

Во однос на <u>потребата</u> на која се повикува Министерството, се образложува дека истата е заради зголемување на ефектот на работата, имајќи ги предвид работното искуство на именуваниот работник и неговото познавање во работата, за што од страна на началникот на Оддел за сузбивање на организиран криминал и корупција со согласност од началникот на Оддел за форензички испитувања, при што бил доставен предлог за распоредување бр одина.

Во продолжение на ова, во одговорот е наведено дека согласно Актот за систематизација на работни места во Министерството за внатрешни работи, за работното место “ во Отсек за прикриени човечки извори на информации Скопје, потребно е високо образование – Факултет од областа на безбедноста, одбрана и мир, Правен факултет и Економски факултет.

Во однос на наведениот компаратор, истиот бил вработен во Министерството од година, при што истиот се стекнал со звање – магистер по со 300 ЕКТС кредити на Факултет за детективи и криминалистика, со што од МВР наведуваат дека ги исполнува утврдените услови за распоредување на конкретното работно место.

На крајот на одговорот, од страна на Министерството истакнуваат дека согласно делокругот на надлежности на Министерството за внатрешни работи, а особено поради природата и специфичноста со кои истите се одликуваат, наведуваат дека во рамки на МВР се јавува потреба од мобилност на работниците, односно нивно распоредување на други работни места, а со цел ефикасно и навремено извршување на работните задачи како во конкретниот случај. Оттука, се повикуваат на член 106 став 2 од Законот за внатрешни работи и наведуваат дека истата е законски спроведена и во согласност со законските и подзаконските акти од областа на дејствување и спроведување на интерни постапки за распоредување на работниците на работни места во другите организациски единици во рамки на Министерството на внатрешни работи.

На 25.4.2025 година, подносителката на претставката до Комисијата достави дополнителна документација заведена под арх. бр. 08-132/12, која се состоеше од информација за посетени стручни обуки и семинари соодветна за нејзината претходна работна позиција како „главна инспекторка“ во претходното одделение, а кои се состоеја од:

- Обука на тема „Training for trainers“ во рамки на проектот EU Support for Rule of Law in North Macedonia;
- Обука за криминалистичко разузнавање во рамките на проектот „Владеење на правото“;
- Обука на тема „Covert human intelligence“ во рамки на проектот EU Support for Rule of Law in North Macedonia.

Во продолжение, подносителката наведе и дека во текот на работењето присуствувала на бројни настани и конференции како стручно лице од секторот за ОСОСК, за што во прилог достави и еден од сертификатите за ваквите обуки (обука од трет циклус).

Дополнително на ова, во однос на наведениот компаратор, подносителката истакнува дека истиот немал посетено ниту една обука соодветна за работното место на кое бил преместен, откако бил на новата работна позиција користел боледувања и во моментот на доставување на дополнителните информации, истиот не бил во државата, по што подносителката немала сознанија за негово враќање.

Имајќи ја предвид дополнителната документација и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 28.4.2025 година достави Барање за доставување информации во врска со претставка бр. 08-132/13 до Министерството за внатрешни работи, со цел добивање конкретни информации во однос на обуките кои наведениот компаратор ги има посетуван, а се соодветни за работното место на кое истиот бил преместен.

На 21.5.2025 година, Министерството за внатрешни работи достави одговор на барањето за дополнителни информации, заведено под арх. бр. 08-132/16. Во дадениот одговор, наведено

е дека наведениот вработен – до моментот на испраќањето на одговорот ги имал посетено следните обуки и друг вид на стручни усовршувања:

- Каскадни обуки по модул 1 и модул 2;
- Обука за справување со криминал од омраза;
- Начин и постапка за оценување на работниците на МВР;
- Паралелен состанок за управување со азил и миграција и
- Обука за истрага и кривично гонење, криумчарење мигранти.

На ден 2.6.2025 година, подносителката на претставката достави целосен список за посетени стручни обуки, конференции и семинари, кој се состоеше од следните обуки:

- идео конференција и обука на тема „E-Commerce" организирана од страна на Европол SOC AP Terminal, во рамките на Европската мултидисциплинарна платформа против криминални закани, измами при безготовински плаќања;
- - Обука на тема „ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ/СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ВО БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА", организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- Работилница на тема „ЛИДЕРСТВО И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ" организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- нлајн-ZOOM платформа видео конференција и обука организирана од Секретаријат на ЈИЕ „Подршка на криминалистичките истраги со употреба на член 26";
- - Онлајн-ZOOM платформа видео конференција и обука организирана од ОБСЕ „Отворени извори на разузнувачки информации ОСИНТ";
- аботилница во Хотел „Хилтон" Скопје ОБСЕ и кабинетот на Заменик претседател на Влада имплементација на национална стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот;
- Фокус група за претставници на МВР од областа на борба со организиран криминал, организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- - Обука во Хотел „ Александар Палас" Скопје USAID за граѓанско учество, во соработка со НПО-Конект „Предизвици во откривањето и процесуирањето на финансирање на тероризам"
- Обука во Хотел Арка Скопје USAID за граѓанско учество, во соработка со НПО-Конект – „Предизвици во откривањето и процесурањето на перење пари";
- бука во Александар Палас со Амбасада на САД „Техники на финансиски истраги";
- Обука на тема „КРИПТОВАЛУТИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ", организирана од страна на АНБ и предавачи од САД;
- бука на тема „ОСНОВИ НА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И ПОВРАТ НА ИМОТ И ВОВЕД ВО НОВИТЕ СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ" организирана од страна на Германската зедница за интернационална заедничка работа.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи врз
согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел*

*или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација согласно претходно цитираниот член. Оттука, Комисијата не утврди дека е воспоставена каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа – претпоставена политичка припадност и преместувањето на подносителката на истоимено работно место – , во друг сектор и одделение. Оттука, во однос на наводите за тоа дека подносителката не го поседува соодветното образование за . во Одделението за спорни документи, Сектор за физички испитувања, Оддел за форензички испитувања, или пак наведениот компаратор не го поседува соодветното образование и обуки за работното место главен инспектор во Отсек за прикриени човечки извори на информации, Единица за прикриени човечки извори на информации, Сектор на криминалистичко разузнавање и анализа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да навлезе во субјективна оцена на соодветноста на стекнатите квалификации на секој од наведените вработени или пак да утврди дали некој од нив е или не е соодветен за конкретната работна позиција во одреден сектор.

Во продолжение, имајќи предвид дека подносителката истакна наводи за вознемирување во претставката за заштита од дискриминација, согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинство или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Во конкретниот случај, Комисијата не пронајде дека станува збор за дискриминаторско вознемирување врз основа на претпоставената политичка припадност на подносителката на претставката, односно не утврди дека нејзиното преместување на исто ниво на работно место во друго одделение/сектор претставува дискриминаторско вознемирување, ценејќи го фактот дека станува збор за хоризонтално преместување, на исто ниво, за кое се исплаќаат исти плата и надоместоци, следствено на што ваквото преместување не може да претставува деградирачка или понижувачка средина и пристап со цел вознемирување на подносителката.

Оттука, согласно сето претходно наведено, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација или вознемирување врз основа на претпоставена политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Министерство за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев“ бр. 9, 1000 Скопје
- 1000 Скопје